Република Северна Македонија
Совет на Општина Велес
Број 25-3902/1
15.10.2020 година
Велес

Врз основа на член 39, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 18, став 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18 и 06/19), донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на 62- та седница на**
**Советот на Општина Велес**

Седницата ќе се одржи на ден 22.10.2020 година (четврток) во просториите на Општина Велес со почеток во 12:00 часот.

Одржувањето на оваа седница со членовите на Советот ќе биде преку конференциска врска со употреба на интернет комуникацијата со софтверска алатка преку Cisco WebExMeeting, согласно Уредбата за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за локалната самоуправа

-Усвојување на Записник од 61-та седница на Советот на Општина Велес
-Усвојување на Записник од 4-та Вонредна седница на Советот на Општина Велес

За седницата го предлагам следниот

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог-одлука за донесување на Детален урбанистички план од урбан блок 32, урбана единица 4, Општина Велес.
2. Предлог-одлука за доделување на гробни места на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа Велес.
3. Предлог-одлука за остапување на основни средства –прочистувачи на ОЈУ за деца Детска градинка „Димче Мирчев“ Велес.
4. Предлог-програма за одржување на локални патишта на подрачјето на општина Велес во зимски услови за 2020/2021година.
5. Предлог-правилник за начинот и постапката за реализирање на манифестацијата „Меѓународната Скулпторска колонија“.
6. Предлог-решение за именување членови на Комисијата за доделување Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“ за 2020 година.
7. Предлог-решение за измена на распределба на финансиски средства за поддршка на квалитетен спорт во Општина Велес за 2020година.
8. Извештај за работата на ЈКП „Дервен“ велес за периодот 01 до 06 месец 2020година.
9. Извештај за работата на ОЈУ за деца Детска градинка „Димче Мирчев“ Велес за 2019/2020година.
10. Прдлог-годишна програма за работа на ОЈУ за деца Детска градинка „Димче Мирчев“ Велес за 2020/2021година.
11. Предлог-решение за разрешување и именување на член на Управниот одбор на ОЈУ за деца Детска градинка „Димче Мирчев“ Велес.
12. Предлог-решение за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на ОУД „Лазар Лазаревски“ Велес.
13. Предлог-решение за разрешување и именување член на Комисија за изготвување на Програма на СОВ.
14. Предлог-решение за разрешување и именување член на Комисија за Статут и прописи.
15. Предлог-решение за разрешување и именување член на Комисија за заштита на правата на децата.

Претседател на
Советот на Општина Велес
Ќирил Гајдов с.р.